Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јуни 2020 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

## Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 88/20, 111/20 и 128/20) во членот 2 во став (3) во табелата по подмерката „2.19. “ се додава нова подмерка „2.20. “ која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.20. | Директни плаќања за заклани животни од видот свињи во одобрени кланични капацитети со кои Агенција за храна и ветеринарство има склучено договор за депопулација | -Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат регистрирано одгледувалиште на животни од видот свињи кои не се во можност да ги применат основните биосигурносни мерки од Годишната наредба за здравствена заштитна на животните во 2019/2020 година и предале или заклале свињи заради депопулација во периодот од 1 септември 2019 година до 15 јуни 2020 година во одобрени кланични капацитети со кои Агенција за храна и ветеринарство има склучено договор заради депопулација<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по обележано животно од видот свињи заклано за депопулација |

“

Член 2

Во членот 3 став (1) по зборот „барањата“ се додаваат зборовите „со исклучок на подмерката 2.20. од член 2 став (3) од оваа уредба“.

Во ставот (3) зборовите „15 март 2020 година“ се заменуваат со зборовите „30 јуни 2020 година“.

По ставот (22) се додава нов став (23) кој гласи:

„(23) Реализацијата на подмерката 2.20. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година ќе се врши врз основа на список на заклани обележани свињи заради депопулација, изготвен од Агенцијата за храна и ветеринарство и доставен до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој најдоцна до 25 јуни 2020 година.“

Член 3

Во членот 4 во точката 1 зборовите „30 јуни“ се заменуваат со зборовите „31 јули“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44- 5199/1**
**9 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**